ЈАВНО СООБРАЌАЈНО ПРЕТПРИЈАТИЕ
СКОПЈЕ ц.о.
NDËRMARRJA QARKULLUESE PUBLIKE "SHKUP" p.p.
Бр. 02-551/4-1
19-04-2022 год.
СКОПЈЕ SHKUP

ЈСП СКОПЈЕ
NQP SHKUP

# И З В Е Ш Т А Ј

## ЗА ОСТВАРЕНИТЕ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ЈСП СКОПЈЕ ВО ПЕРИОДОТ ЈАНУАРИ - МАРТ 2022 ГОДИНА

**СКОПЈЕ**
**АПРИЛ, 2022 год.**

## СОДРЖИНА

I. **Вовед**

II. **Превозни капацитети и физички обем на услуги**
- II. 1. Превозни капацитети
- II. 2. Физички обем на услуги
- II. 3. Сообраќајни незгоди и инциденти
- II. 4. Ремонтно – сервисни услуги

III. **Остварени финансиски резултати**
- III. 1. Вкупен приход
- III. 2. Расходи

IV. **Жичница**

V. **Инвестиции во основни средства**

VI. **Вработени**
- VI. 1. Структура на вработени
- VI. 2. Искористеност на работното време
- VI. 3. Исплатени плати

VII. **Констатации**

# I. ВОВЕД

Во Извештајот за работење на ЈСП СКОПЈЕ е опфатено работењето на претпријатието во делот на превозни капацитети, физички обем на услуги, инвестиции во основни средства, вработени и остварени финансиски резултати од работењето.

Во периодот Јануари – Март 2022 година ЈСП во делот на финансиското работење ЈСП ги оствари следниве финансиски резултати:

1. Остварена добивка од тековното работење пред оданочување во износ од 45,7 мил. денари;
2. Зголемени вкупни приходи во споредба со истиот период претходната година за 65% и
3. Зголемени вкупни расходи во споредба со истиот период претходната година за 31,3%.

Во споредба со истиот период претходната година ЈСП во делот на превозните капацитети и физичкиот обем на превозни услуги ги оствари следниве показатели:

1. Намален број на исправни автобуси ( просечно дневно ) за 4,7%;
2. Намален број на исправни автобуси во работни денови( просечно дневно ) за 2,8%;
3. Намален број на автобуси во резерва ( просечно дневно ) за 90,8%;
4. Зголемен коефициент на искористеност на техничка исправност за 35,2%;
5. Зголемен коефициент на искористеност на вкупниот возен парк за 53,6%;
6. Зголемена просечна старост на возниот парк од 9,91 на 10,91 год.;
7. Пораст на бројот на поминати километри за 21,5%;
8. Пораст на потрошената количина на нафта за 32,6%;
9. Намалена комерцијална брзина за 5,8%;
10. Пад на места км по патник за 2% и
11. Зголемување на бројот на превезени патници во линискиот превоз за 22%.

## II. ПРЕВОЗНИ КАПАЦИТЕТИ И ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ

### II.1. ПРЕВОЗНИ КАПАЦИТЕТИ

**СОСТОЈБА НА ИНВЕНТАРНИТЕ ВОЗИЛА НА 31.03.2022**
**( СПОРЕД ДАТА НА ПРВА РЕГИСТРАЦИЈА )**

Таб.1

| Р.бр. | Тип на автобус | Соло автобуси | Зглобни автобуси | Вкупно автобуси | Стр. во % | Просечна стар. во години |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | Санос | 30 | 2 | 32 | 8,5 | 26,22 |
| 2. | Ман | 21 | 12 | 33 | 8,7 | 1,71 |
| 3. | Лаз | 77 | | 77 | 20,4 | 10,79 |
| 4. | Јутонг | 215 | | 215 | 56,9 | 9,95 |
| 5. | Минибус ( Застава, Јутонг) | 21 | | 21 | 5,6 | 12,40 |
| **6.** | **Вкупно ( 1 - 6 )** | **364** | **14** | **378** | **100,0** | **10,91** |
| | **Учество %** | **96,3** | **3,7** | **100,0** | | |
| | Р.Е.Автокоманда | 190 | 6 | 196 | 51,9 | 11,04 |
| | Р.Е.Ѓорче Петров | 174 | 8 | 182 | 48,1 | 10,78 |
| 7. | Туристички автобуси | 1 | | 1 | | 26,83 |
| | **Вкупно автобуси ( 6 + 7 )** | **365** | **14** | **379** | | **10,96** |

| Еколошки стандард | |
|---|---|
| EURO 6 еколош. стандард | 33 автобуси ( Ман ) |
| EURO 5 еколош. стандард | 215 автобуси ( Јутонг ) |
| EURO 4 еколош. стандард | 77 автобуси ( Лаз ) |
| EURO 4 еколош. стандард | 16 минибуси ( Јутонг ) |
| EURO 2 еколош. стандард | 5 минибуси ( Застава ) |
| EURO 2 еколош. стандард | 1 туристички автобус |

Со состојба на 31.03.2022 година просечната старост на возниот парк изнесува 10,91 години што претставува намалување за 10,1% во споредба со состојбата од минатата година ( 9,91 год.).

Граф.1



## II.2. ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ

**ОСТВАРЕН ФИЗИЧКИ ОБЕМ НА УСЛУГИ**
**( ЛИНИСКИ ПРЕВОЗ )**

Таб. 2

| Ред. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | I - III / 2021 | I - III / 2022 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Инвентарна состојба на автобусите (31.03.) | 378 | 378 | 100,0 |
| 2 | Инвентар. сост. на автоб.-просечно дневно | 378 | 378 | 100,0 |
| 3 | Просеч. днев. исправни автобуси | 253 | 241 | 95,3 |
| 4 | Просеч. днев. исправни автоб. во раб. денови | 253 | 246 | 97,2 |
| 5 | Просеч. днев. автоб. во работа | 180 | 196 | 108,9 |
| 6 | Просеч. днев. автоб. во работа во раб. денови | 155 | 237 | 152,9 |
| 7 | Просечно дневно автобуси во резерва | 98 | 9 | 9,2 |
| 8 | Коефициент на техничка исправност | 0,67 | 0,64 | 95,5 |
| 9 | Коефиц. на искористеност на тех. исправн. | 0,71 | 0,96 | 135,2 |
| 10 | Коефиц. на искорист. на вкуп. возен парк | 0,41 | 0,63 | 153,6 |
| 11 | Просечна старост на автобусите (31.03.) | 9,91 | 10,91 | 110,1 |
| 12 | Поминати километри - вкупно | 3.410.656 | 4.144.906 | 121,5 |
| 13 | Поминати километри на градски линии | 2.012.527 | 2.476.073 | 123,0 |
| 14 | Поминати километри на приградски линии | 1.250.439 | 1.497.666 | 119,8 |
| 15 | Поминати километри на договорен превоз | 147.690 | 171.167 | 115,9 |
| 16 | Потрошено нафта-вкупно ( литри ) | 1.184.593 | 1.570.721 | 132,6 |
| | -месечно | 394.864 | 523.574 | 132,6 |
| | -дневно | 13.162 | 17.452 | 132,6 |
| 17 | Поминати километри на возила со погонско гориво - нафта | 2.920.516 | 3.759.150 | 128,7 |
| 18 | Потрошено нафта - просечно литри/100 км. | 40,56 | 41,78 | 103,0 |
| 19 | Потрошено земјен гас ( кгр.) | 261.848 | 206.277 | 78,8 |
| 20 | Поминати километри на возила со погонско гориво -земјен гас | 490.140 | 385.756 | 78,7 |
| 21 | Потрошено земјен гас - просечно кгр./100 км. | 53,42 | 53,47 | 100,1 |
| 22 | Остварени часови во сообраќај | 178.152 | 229.886 | 129,0 |
| 23 | Остварена комерцијална брзина | 19,14 | 18,03 | 94,2 |
| 24 | Просечно поминати км. по возило во работа | 18.948 | 21.147 | 111,6 |
| | -месечно | 6.316 | 7.049 | 111,6 |
| | -дневно | 211 | 235 | 111,4 |
| 25 | Просечно поминати км. по вработен | 2.638 | 3.164 | 119,9 |
| | -месечно | 879 | 1.055 | 120,0 |
| | -дневно | 29 | 35 | 120,7 |
| 26 | Просечно поминати км. по возач | 5.684 | 7.061 | 124,2 |
| | -месечно | 1.895 | 2.354 | 124,2 |
| | -дневно | 63 | 78 | 123,8 |
| 27 | Број на полуобрти во сообраќајот | | | |
| | 1. Број на вкупни остварени регуларни полуобрти | 67.813 | 153.522 | 226,4 |
| | - Број на остварени регуларни полуобрти | 67.813 | 147.190 | 217,1 |
| | - Број на делумно сработени регуларни полуобрти | 0 | 6.332 | |
| | 2. Број на нерегуларни полуобрти | 157.765 | 210.945 | 133,7 |
| 28 | Превезени патници | 5.085.107 | 6.202.203 | 122,0 |
| 29 | Превезени патници Жичница Милениумски Крст | 0 | 82.262 | |
| 30 | Остварени места километри ( во 000 ) | 294.644 | 352.123 | 119,5 |
| 31 | Места километри по патник ( квалитет ) | 57,94 | 56,77 | 98,0 |
| 32 | Места километри по вработен ( продуктивност ) | 227.877 | 268.796 | 118,0 |
| 33 | Места километри по возач | 491.074 | 599.869 | 122,2 |
| 34 | Превезени патници на поминати км. | 1,49 | 1,50 | 100,7 |

Во првиот квартал 2022 година во линискиот превоз се поминати вкупно 4.144.906 км., што е за 21,5 % повеќе во споредба со истиот период минатата година.Порастот на вкупниот број на поминати км. е резултат на зголемениот број на поминати км на градските линии за 23%, приградски линии за 19,8 % и договорен превоз за 15,9% км.

Согласно порастот на бројот на поминати км, зголемување бележат количеството на потрошена нафта во линискиот превоз, како и бројот на остварени часови во сообраќај. Потрошената нафта на 100 км. остварена при обавување на линискиот превоз на патници бележи зголемување за 3 % ( од 40,56 на 41,78 литри).

Во делот на полуобрти во 2021 година податоците се превземени од Системот за автоматска локација на возилата ( АВЛ ). Системот дава податоци за можни три статуси на полуобрти и тоа:

- **Регуларен** – полуобрт каде возилото ја поминало целата траса на движење, при тоа не се појавиле проблеми од типот на ненавремено поаѓање/ пристигнување, поминало над 97% од должината на трасата со услов задолжително пристигнување на крајното стојалиште, запирање на над 80% од стојалиштата, тргнување од почетен терминал предвремено од зададеното време на тргнување на полуобртот согласно возниот ред не поголемо од 2 минути и доцнење не поголемо од 5 минути;
- **Нерегуларен** - полуобрт каде возилото возело по грешна траса, застанало на помалку од 70% стојалишта, поминало помалку од 90% од трасата или невклучено возило, тргнување од почетен терминал предвремено од зададеното време на тргнување на полуобртот согласно возниот ред поголемо од 2 минути и доцнење поголемо од 5 минути;
- **Полуобрт за обработка ( делумно сработен)** - полуобрт каде возилото застанало на 70% до 80% од стојалиштата, поминало од 90% до 96,99% од трасата со услов задолжително пристигнување на крајното стојалиште, возилото работи со неисправен систем за наплата (валидатор ), со неисправен КЕВ или ГПС, тргнување од почетен терминал / доцнење од зададеното време на пристигнувањена полуобртот согласно возниот ред не помало од 5 минути и не поголемо од 8 минути.

Во овој квартал во автобусите на ЈСП СКОПЈЕ превезени се вкупно 6.202.203 патници и во споредба со истиот период минатата година бројот на превезени патници бележи пораст за 22%. Порастот е резултат на зголемениот број на превезени патници со неперсонализирани билети за 14,9%, персонализирани билети за 26% и договорен превоз за 30,3%.

Просечната потрошувачка на гориво на 100 км е прикажана во следните табелите.

**МИНИБУСИ ЗАСТАВА**

Таб.3

| Месец | Наполнето нафта во литри | Поминати км | Просечна потрошувачка на 100 км |
|---|---|---|---|
| Јануари | 957 | 8.810 | 10,86 |
| Февруари | 1.496 | 13.385 | 11,18 |
| Март | 1.091 | 9.785 | 11,15 |
| **Вкупно** | **3.544** | **31.980** | **11,08** |

## МИНИБУСИ ЈУТОНГ

Таб.4

| Месец | Наполнето нафта во литри | Поминати км | Просечна потрошувачка на 100 км |
|---|---|---|---|
| Јануари | 8.131 | 27.774 | 29,28 |
| Февруари | 7.720 | 27.967 | 27,60 |
| Март | 9.381 | 31.552 | 29,73 |
| **Вкупно** | **25.232** | **87.293** | **28,90** |

## ЛАЗ

Таб.5

| Месец | Наполнето нафта во литри | Поминати км | Просечна потрошувачка на 100 км |
|---|---|---|---|
| Јануари | 126.266 | 305.527 | 41,33 |
| Февруари | 123.963 | 298.126 | 41,58 |
| Март | 133.354 | 327.488 | 40,72 |
| **Вкупно** | **383.583** | **931.141** | **41,19** |

## ДВОКАТНИ АВТОБУСИ - ЈУТОНГ

Таб.6

| Месец | Наполнето нафта во литри | Поминати км | Просечна потрошувачка на 100 км |
|---|---|---|---|
| Јануари | 354.187 | 835.471 | 42,39 |
| Февруари | 362.893 | 850.210 | 42,68 |
| Март | 424.835 | 988.843 | 42,96 |
| **Вкупно** | **1.141.915** | **2.674.524** | **42,70** |

## СОЛО АВТОБУСИ СО МОТОР НА ЗЕМЈЕН ГАС

Таб.7

| Месец | Наполнето земјен гас во кгр. | Поминати км | Просечна потрошувачка на 100 км. |
|---|---|---|---|
| Јануари | 21.512,80 | 43.041,00 | 49,98 |
| Февруари | 55.623,50 | 110.669,20 | 50,26 |
| Март | 58.017,70 | 114.828,20 | 50,53 |
| **Вкупно** | **135.154,00** | **268.538,40** | **50,33** |

## ДВОЈНИ АВТОБУСИ СО МОТОР НА ЗЕМЈЕН ГАС

Таб.8

| Месец | Наполнето земјен гас во кгр. | Поминати км | Просечна потрошувачка на 100 км. |
|---|---|---|---|
| Јануари | 319,60 | 655,00 | 48,79 |
| Февруари | 32.035,20 | 52.669,90 | 60,82 |
| Март | 38.767,70 | 63.892,70 | 60,68 |
| **Вкупно** | **71.122,50** | **117.217,60** | **60,68** |

Граф.2




Граф.3




| | Јануари | Февруари | Март |
|---|---|---|---|
| 2022 | 1.228 | 1.366 | 1.551 |
| 2021 | 1.110 | 1.109 | 1.192 |

Граф.4



**СТРУКТУРА НА ПРЕВЕЗЕНИ ПАТНИЦИ**

Таб.9

| Ред. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | I - III / 2021 | Стр.% | I - III / 2022 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **Патници со неперсонализирани билети** | **1.857.823** | **36,5** | **2.135.018** | **34,4** | **114,9** |
| 1 | Патници со неперсонализирани билети на град. линии | 881.848 | 17,3 | 1.041.823 | 16,8 | 118,1 |
| 2 | Патници со неперсонализирани билети на сите линии | 969.711 | 19,1 | 1.086.073 | 17,5 | 112,0 |
| 2.1 | Патници со неперсонализирани билети - мобилен телефон | 220.689 | 4,3 | 372.505 | 6,0 | 168,8 |
| 2.2 | Патници со неперсонализирани билети - електронска картица | 610.022 | 12,0 | 621.165 | 10,0 | 101,8 |
| 2.3 | Патници со неперсонализирани билети - хартиена картица | 139.000 | 2,7 | 92.403 | 1,5 | 66,5 |
| 3 | Патници со бесплатни неперсонализирани билети | 6.264 | 0,1 | 7.122 | 0,1 | 113,7 |
| **II** | **Патници со персонализирани билети** | **3.222.506** | **63,4** | **4.061.229** | **65,5** | **126,0** |
| 1 | Ученички, студентски билети | 430.661 | 8,5 | 758.228 | 12,2 | 176,1 |
| 2 | Пензионерски билети | 40.247 | 0,8 | 44.772 | 0,7 | 111,2 |
| 3 | Месечен ноќен | | | 27 | 0,0 | |
| 4 | Доплатен билет за возрасни | 549.771 | 10,8 | 901.513 | 14,5 | 164,0 |
| 5 | Месечни билети за градски линии | 838.117 | 16,5 | 924.161 | 14,9 | 110,3 |
| 6 | Месечни билети за сите линии | 462.638 | 9,1 | 472.265 | 7,6 | 102,1 |
| 7 | Колективни билети | 27.649 | 0,5 | 29.867 | 0,5 | 108,0 |
| 8 | Билети за деца без родители над 18 години | 817 | 0,0 | 605 | 0,0 | 74,1 |
| 9 | Билети за возрасни и студенти ( бесплатен превоз ) | 645.609 | 12,7 | 705.828 | 11,4 | 109,3 |
| 10 | Тримесечен билет | 2.082 | 0,0 | 1.574 | 0,0 | 75,6 |
| 11 | Шестмесечен билет | 733 | 0,0 | 1.029 | 0,0 | 140,4 |
| 12 | Годишни билети | 224.182 | 4,4 | 221.360 | 3,6 | 98,7 |
| **III** | **Патници со договорен превоз** | **4.020** | **0,1** | **5.240** | **0,1** | **130,3** |
| 1 | Претпријатија ( договорен превоз ) | 4.020 | 0,1 | 4.820 | 0,1 | 119,9 |
| 2 | Групен превоз | | | 420 | 0,0 | |
| IV | **Патници со дополнителни билети** | **758** | **0,0** | **716** | **0,0** | **94,5** |
| | **ВКУПНО** | **5.085.107** | **100,0** | **6.202.203** | **100,0** | **122,0** |

Во овој квартал во автобусите на ЈСП СКОПЈЕ превезени се вкупно 6.202.203 патници и во споредба со истиот период минатата година бројот на превезени патници бележи пораст за 22%. Порастот е резултат на зголемениот број на превезени патници со неперсонализирани билети за 14,9%, персонализирани билети за 26% и договорен превоз за 30,3%. Намалување бележат патниците со дополнителни билети за 5,5%.

## КОЛИЧИНА НА ПРОДАДЕНИ ПЕРСОНАЛИЗИРАНИ БИЛЕТИ

Таб.10

| Ред. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | I - III / 2021 | Стр.% | I - III / 2022 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1 | Ученички билети | 27 | 0,0 | 112 | 0,0 | 414,8 |
| 2 | Студентски билети | 59 | 0,0 | 124 | 0,0 | 210,2 |
| 3 | Ученички ( задолжително средно образование ) | 50.409 | 25,3 | 71.948 | 28,0 | 142,7 |
| 4 | Ученички, студентски ( договор, тендер и друго ) | 3.099 | 1,6 | 4.164 | 1,6 | 134,4 |
| 5 | Месечен ноќен | | | 4 | 0,0 | |
| 6 | Доплатни билети за возрасни | 43.108 | 21,6 | 51.721 | 20,2 | 120,0 |
| 7 | Пензионерски билети | 811 | 0,4 | 872 | 0,3 | 107,5 |
| 8 | Месечни билети | 25.575 | 12,8 | 27.091 | 10,6 | 105,9 |
| 8.1 | Месечни билети за градски линии | 17.238 | 8,7 | 18.666 | 7,3 | 108,3 |
| 8.2 | Месечни билети за сите линии | 8.337 | 4,2 | 8.425 | 3,3 | 101,1 |
| 9 | Колективни билети | 2.824 | 1,4 | 2.501 | 1,0 | 88,6 |
| 10 | Билети за деца без родители над 18 год. | 13 | 0,0 | 8 | 0,0 | 61,5 |
| 11 | Билети за возрасни лица и студенти ( бесплатен превоз ) | 64.183 | 32,2 | 88.757 | 34,6 | 138,3 |
| 12 | Тримесечни билети | 43 | 0,0 | 21 | 0,0 | 48,8 |
| 13 | Шестмесечни билети | 32 | 0,0 | 28 | 0,0 | 87,5 |
| 14 | Годишни билети | 8.952 | 4,5 | 9.325 | 3,6 | 104,2 |
| | **ВКУПНО** | **199.135** | **100,0** | **256.676** | **100,0** | **128,9** |

Количината на продадени персонализирани билети е зголемена за 28,9 % или за 57.541 билет што е резултат на порастот на количината на:

- Ученички билети за 314,8%;
- Студентски билети за 110,2%,
- Ученички ( задолжително средно образование) за 42,7 %
- Ученички (договор, тендер и др.) за 34,4 %,
- Доплатен билет за возрасни за 20%,
- Пензионерски билети за 7,5%,
- Месечни билети за 5,9%,
- Билети за возрасни лица и студенти ( бесплатен превоз ) за 38,3% и
- Годишни билети за 4,2 %.

Количините на останатите видови персонализирани билети бележат намалување.

**КОЛИЧИНА НА ПРОДАДЕНИ НЕПЕРСОНАЛИЗИРАНИ БИЛЕТИ**

Таб.11

| Ред. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | I - III / 2021 | Стр.% | I - III / 2022 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| I | **Неперсонализирани билети за градски линии** | **120.794** | **9,4** | **138.930** | **9,7** | **115,0** |
| 1 | Билет за десет возења | 120.648 | 9,4 | 138.784 | 9,7 | 115,0 |
| 2 | Еднодневен билет за автобус (само од електронски паричник преку валидатор) | 74 | 0,0 | 109 | 0,0 | 147,3 |
| 3 | Седумдневен билет за автобус ( +1 билет за жичница и лифт на Крстот во два правци) | 72 | 0,0 | 37 | 0,0 | 51,4 |
| II | **Неперсонализирани билети за сите линии** | **1.162.619** | **90,3** | **1.287.910** | **90,0** | **110,8** |
| 1 | Билети за едно возење | 1.153.732 | 89,6 | 1.276.725 | 89,2 | 110,7 |
| 1.1 | Билети за едно возење - електронска картица | 713.391 | 55,4 | 722.520 | 50,5 | 101,3 |
| 1.2 | Билети за едно возење - мобилен телефон | 387.533 | 30,1 | 457.520 | 32,0 | 118,1 |
| 1.3 | Билети за едно возење - хартиена картичка | 52.808 | 4,1 | 96.685 | 6,8 | 183,1 |
| 2 | Билет за едно возење ноќе | 1 | 0,0 | 1.823 | 0,1 | 182.300,0 |
| 2.1 | Билет за едно возење ноќе - електронска картица | | | 579 | 0,0 | |
| 2.2 | Билет за едно возење ноќе - мобилен телефон | 1 | 0,0 | 1.244 | 0,1 | 124.400,0 |
| 3 | Билет за десет возења | 8.791 | 0,7 | 9.297 | 0,6 | 105,8 |
| 4 | Временски билет од 90 минути (само од електронски паричник преку валидатор ) | 70 | 0,0 | 37 | 0,0 | 52,9 |
| 5 | Еднодневен билет за автобус (само од електронски паричник преку валидатор ) | 4 | 0,0 | 13 | 0,0 | 325,0 |
| 6 | Седумдневен билет за автобус (+1 билет за жичница и лифт на Крстот во два правци) | 20 | 0,0 | 13 | 0,0 | 65,0 |
| 7 | Дневни пакети- комбинирани билети | 1 | 0,0 | 2 | 0,0 | 200,0 |
| III | **ВКУПНО (I+II)** | **1.283.413** | **99,7** | **1.426.840** | **99,7** | **111,2** |
| IV | **Бесплатни неперсонализирани билети** | **4.080** | **0,3** | **4.530** | **0,3** | **111,0** |
| | **ВКУПНО (III+ IV)** | **1.287.493** | **100,0** | **1.431.370** | **100,0** | **111,2** |

Во првиот квартал од 2022 година количината на продадените неперсонализирани билети е зголемена за 11,2% во споредба со истиот квартал од претходната година што се должи на порастот на количината на неперсонализирани билети за градски линии за 15%, неперсонализирани билети за сите линии за 10,8% и бесплатни неперсонализирани билети за 11%.

## II.3. СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ И ИНЦИДЕНТИ

Во периодот Јануари – Март 2022 год. возилата на ЈСП учествувале во вкупно 41 сообраќајна незгода и во споредба со истиот период минатата година бројот на сообраќајни незгоди е зголемен за 10,8% или за 4 незгоди. По вина на останатите учесници во сообраќајот предизвикани се 21 незгода или 51,2% од незгодите, за 10 незгоди или за 24,4% од незгодите вината не е утврдена, а за 10 незгоди или за 24,4% од незгодите е утврдена вина на возачите на ЈСП.

### СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ

Таб.12

| Р. бр. | СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ | I-III / 2021 | Стр.% | I-III / 2022 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | По вина на ЈСП ( Европски записник ) | 9 | 24,3 | 10 | 24,4 | 111,1 |
| 2. | По вина на останатите учесници во сообраќајот ( Европски записник ) | 17 | 45,9 | 21 | 51,2 | 123,5 |
| 3. | Не е утврдена вината ( Записник од МВР ) | 11 | 29,7 | 10 | 24,4 | 90,9 |
| **ВКУПНО** | | **37** | **100,0** | **41** | **100,0** | **110,8** |
| **Просечно дневно сообраќајни незгоди** | | **0,41** | | **0,46** | | **112,2** |
| **Сообраќајни незгоди по возило во работа** | | **0,21** | | **0,21** | | **100,0** |

### СООБРАЌАЈНИ НЕЗГОДИ ВО 2022 ГОДИНА

Таб.13

| Месец | Европски записник | | Записник од МВР | Вкупно | Повредени | Загинати |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | По вина на ЈСП | По вина на останатите учесници | | | | |
| I | 1 | 2 | 4 | 7 | 2 | 1 |
| II | 6 | 12 | 4 | 22 | 4 | |
| III | 3 | 7 | 2 | 12 | 2 | |
| **Вкупно** | **10** | **21** | **10** | **41** | **8** | **1** |

Граф.5




Во текот на периодот Јануари – Март 2022 година во автобусите на ЈСП СКОПЈЕ се случиле вкупно 123 инциденти, што претставува зголемување за 167,4% во споредба со истиот период минатата година. Порастот е резултат на зголемениот број на :

- Оштетувања на автобусите за 340,9 % и
- Физички пресметки во автобусите за 200%.

Останатите видови на инциденти се на исто ниво како и во споредбениот период од минатата година.

## ИНЦИДЕНТИ

Таб.14

| Р. бр. | Видови инциденти | I-III / 2021 | I-III / 2022 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Физички напади врз возачи | 1 | 1 | 100,0 |
| 2. | Физички пресметки во автобус | 1 | 3 | 300,0 |
| 3. | Оштетување на автобусот | 22 | 97 | 440,9 |
| 4. | Закани врз возачи | 3 | 3 | 100,0 |
| 5. | Проблеми ( превоз ) | 19 | 19 | 100,0 |
| | **ВКУПНО** | **46** | **123** | **267,4** |

## ИНЦИДЕНТИ ПО МЕСЕЦИ ВО 2022 ГОДИНА

Таб.15

| Месец | Физички напади врз возачи | Физички пресметки во автобус | Оштетување на автобусот | Закани врз возачи | Проблеми ( превоз ) |
|---|---|---|---|---|---|
| I | | | 20 | | 4 |
| II | 1 | 1 | 40 | 1 | 7 |
| III | | 2 | 37 | 2 | 8 |
| **Вкупно** | **1** | **3** | **97** | **3** | **19** |

Граф.6




Во текот на периодот Јануари - Март 2022 година Одделението за контрола на билети на ЈСП СКОПЈЕ има извршено вкупно 47.635 контроли на билети што претставува намалување за 9,7% во споредба со истиот период минатата година. Просечно дневно биле извршени по 529 контроли при што се одземени 167 електронски картици а наплатени се 716 дополнителни билети.

### ИЗВРШЕНИ КОНТРОЛИ, ПОДНЕСЕНИ ПРИЈАВИ, ОДЗЕМЕНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КАРТИЦИ И НАПЛАТЕНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ БИЛЕТИ

Таб.16

| Р. бр. | Елементи | I-III / 2021 | I-III / 2022 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Извршени контроли | 52.756 | 47.635 | 90,3 |
| 2 | Поднесени записници ( пријави ) | 3.064 | 2.095 | 68,4 |
| 3 | Одземени електронски картици | 248 | 167 | 67,3 |
| 4 | Наплатени дополнителни билети | 758 | 716 | 94,5 |

### ИЗВРШЕНИ КОНТРОЛИ, ПОДНЕСЕНИ ЗАПИСНИЦИ , ОДЗЕМЕНИ ЕЛЕКТРОНСКИ КАРТИЦИ И НАПЛАТЕНИ ДОПОЛНИТЕЛНИ БИЛЕТИ ЗА 2022 ГОДИНА ПО МЕСЕЦИ

Таб.17

| Месец | Извршени контроли | Поднесени записници ( пријави ) | Одземени електронски картици | Наплатени дополнителни билети |
|---|---|---|---|---|
| I | 14.618 | 544 | 50 | 167 |
| II | 15.494 | 770 | 48 | 227 |
| III | 17.523 | 781 | 69 | 322 |
| **Вкупно** | **47.635** | **2.095** | **167** | **716** |

## II.4. РЕМОНТНО - СЕРВИСНИ УСЛУГИ

Во периодот Јануари – Март 2022 година извршени се 3 генерални ремонти, додека во останатите видови на ремонтни сервисни операции не е забележана активност.

**РЕМОНТНО - СЕРВИСНИ АКТИВНОСТИ**

Таб.18

| Р. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | I-III / 2021 | I-III / 2022 | Индекс |
|---|---|---|---|---|
| 1. | Ремонтни операции | 7 | 3 | 42,8 |
| | - Генерален ремонт | 2 | 3 | 150 |
| | - Полуремонт | 5 | | |
| 2. | Менувачи | 1 | | |
| 3. | Диференцијали | | | |

Граф.7



## IV. ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ

Периодот Јануари – Март 2022 год. ЈСП го заврши со позитивен финансиски резултат - остварена добивка од работењето пред оданочување во износ од 45,7 милиони денари.

**ОСТВАРЕНИ ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ - БИЛАНС НА УСПЕХ**

Таб.19

| Р. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | I-III / 2021 | Стр.% | I-III / 2022 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **I** | **ПРИХОДИ-вкупно** | **332.979.000** | **100,0** | **549.468.000** | **100,0** | **165,0** |
| 1 | Приход од услуги-превоз од патници во линискиот превоз | 229.417.000 | 68,9 | 248.386.000 | 45,2 | 108,3 |
| 2 | Приход превоз од патници - Жичница | | | 3.628.000 | 0,7 | |
| 3 | Субвенција за бесплатен превоз - линиски превоз | 28.571.000 | 8,6 | 28.571.000 | 5,2 | 100,0 |
| 4 | Приход од субвенции за потешкотии | 42.500.000 | 12,8 | 220.000.000 | 40,0 | 517,6 |
| 5 | Приход од субвенции - автобуски постојки | 1.735.000 | 0,5 | | | |
| 6 | Приход од субвенции - АВЛ | 7.353.000 | 2,2 | 29.654.000 | 5,4 | 403,3 |
| 7 | Приходи од донации | 12.210.000 | 3,7 | 3.359.000 | 0,6 | 27,5 |
| 8 | Останати приходи | 11.193.000 | 3,4 | 15.870.000 | 2,9 | 141,8 |
| **II** | **РАСХОДИ-вкупно** | **383.575.000** | **100,0** | **503.818.000** | **100,0** | **131,3** |
| 1 | Трошоци од работење | 174.600.000 | 45,5 | 298.435.000 | 59,2 | 170,9 |
| 2 | Амортизација | 57.375.000 | 15,0 | 48.189.000 | 9,6 | 84,0 |
| 3 | Бруто плати | 151.600.000 | 39,5 | 157.194.000 | 31,2 | 103,7 |
| **III** | **Бруто добивка пред оданочување ( I - II )** | | | **45.650.000** | | |
| **IV** | **Загуба пред оданочување ( II - I )** | **50.596.000** | | | | |

Граф.8



## III.1. ВКУПЕН ПРИХОД

Вкупниот приход остварен во првиот квартал 2022 год. изнесува 549,5 мил. ден. и во споредба со истиот период минатата година бележи пораст за 65% или за 216,5 милиони денари.

**СТРУКТУРА НА ОСТВАРЕНИОТ ВКУПЕН ПРИХОД**

Таб.20

| Р. бр. | ЕЛЕМЕНТИ | I - III 2021 | Стр.% | I - III 2022 | Стр.% | Индекс |
|---|---|---|---|---|---|---|
| **1** | **Приходи од продажба** | **257.988.000** | **77,5** | **280.585.000** | **51,1** | **108,8** |
| 1.1 | Приход од превоз на патници - линиски превоз | 229.417.000 | 68,9 | 248.386.000 | 45,2 | 108,3 |
| 1.2 | Субвенција за бесплатен превоз | 28.571.000 | 8,6 | 28.571.000 | 5,2 | 100,0 |
| 1.3 | Приход од превоз на патници - Жичница | | | 3.628.000 | 0,7 | |
| **2** | **Приходи од продажба на отпадоци** | **968.000** | **0,3** | **1.047.000** | **0,2** | **108,2** |
| **3** | **Приходи по основ на употреба на сопст. производи, услуги, стоки и материјали** | **31.000** | **0,0** | **47.000** | **0,0** | **151,6** |
| 3.1 | Приход од реализирани полупроизводи | | | | | |
| 3.2 | Приходи од Транспортен Центар | 31.000 | 0,0 | 47.000 | 0,0 | 151,6 |
| 3.3 | Останати приходи | | | | | |
| **4** | **Приходи од наемнина** | **4.333.000** | **1,3** | **4.552.000** | **0,8** | **105,1** |
| 4.1 | Приходи од даден деловен објект | 262.000 | 0,1 | 334.000 | 0,1 | 127,5 |
| 4.2 | Приходи закуп на автобус | | | 12.000 | 0,0 | |
| 4.3 | Приходи од префактурирање на трошоци од дел.простор | | | 100.000 | 0,0 | |
| 4.4 | Приходи од наемнина ( реклами ) | 4.071.000 | 1,2 | 4.106.000 | 0,7 | 100,9 |
| **5** | **Приходи од наплатени отпишани побарув.** | **164.000** | **0,0** | **40.000** | **0,0** | **24,4** |
| **6** | **Приходи од премии, субвенции и донации** | **63.825.000** | **19,2** | **252.929.000** | **46,0** | **396,3** |
| 6.1 | Приход од субвенции за потешкотии | 42.500.000 | 12,8 | 220.000.000 | 40,0 | 517,6 |
| 6.2 | Приходи линиски инфраструктурен објект мост со придружни објекти | | | 3.191.000 | 0,6 | |
| 6.3 | Приходи од донации ( опрема ) | 85.000 | 0,0 | 84.000 | 0,0 | 98,8 |
| 6.4 | Приходи од субвенции ( автобуски постојки ) | 1.735.000 | 0,5 | | | |
| 6.5 | Приходи од субвенции ( АВЛ ) | 7.353.000 | 2,2 | 29.654.000 | 5,4 | 403,3 |
| 6.6 | Приходи возила без надомест | 27.000 | 0,0 | | | |
| 6.7 | Приходи од донации ( Жичница ) | 12.125.000 | 3,6 | | | |
| **7** | **Останати приходи од работењето** | **5.655.000** | **1,7** | **10.268.000** | **1,9** | **181,6** |
| 7.1 | Приходи од надомест на штети | 2.006.000 | 0,6 | 2.621.000 | 0,5 | 130,7 |
| 7.2 | Приход од поврат на давачки | 13.000 | 0,0 | 2.000 | 0,0 | 15,4 |
| 7.3 | Други приходи | 182.000 | 0,1 | 1.000 | 0,0 | 0,5 |

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 7.4 | Приходи од штети од вработени и др. | 133.000 | 0,0 | 31.000 | 0,0 | 23,3 |
| 7.5 | Приходи од штети ( договор на дело ) | 41.000 | 0,0 | 3.000 | 0,0 | |
| 7.6 | Приходи од поврат на придонеси | 27.000 | 0,0 | 27.000 | 0,0 | 100,0 |
| 7.7 | Дополнително утврдени приходи | 2.196.000 | 0,7 | 6.587.000 | 1,2 | 300,0 |
| 7.8 | Приходи ( дополнителни билети по записник) | 739.000 | 0,2 | 678.000 | 0,1 | 91,7 |
